Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Кинотека на
Република Северна Македонија
Institucioni Nacional Kinoteka e
Republikës së Maqedonisë se Veriut
Бр.-Nr. 01-632/1
30.8 2023 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 21 алинеја 1 точка 14 од Статутот на НУ Кинотека на Република Северна Македонија (бр.01-634/1 од 26.05.2015 г. Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Националната установа Кинотека на Македонија, бр.02-462/5 од 04.05.2018 г. и Одлуката за измена и дополнување на Статутот на НУ Кинотека на Македонија, бр.02-220/3 од 12.03.2019 г.), во согласност со член 77-ј од Законот за култура, член 1 од Анекс договорот бр.1 на договорот за деловно техничка соработка, бр.03-1057/1 од 07.11.2019 година, склучен помеѓу Национална установа Кинотека на Република Северна Македонија и Универзитетот за аудиовизуелни уметности Европска, Филмска, Театарска и Танцова Академија ЕФТА-Скопје, УАУ ЕФТА-Скопје, член 1 од Анекс договорот бр.2 на Договорот за деловно техничка соработка (бр.03-115/1 од 30.01.2009 година), склучен помеѓу Национална установа Кинотека на Република Северна Македонија и Интернационален универзитет Еуропа Прима, бр.03-648/1 од 08.08.2023 година, според кој се обезбедува целосна стипендија за школарина, за еден вработен од НУ Кинотека на Република Северна Македонија или лице кое не е редовно вработен во Националната установа Кинотека на Северна Република Македонија, но е ангажирано на друг начин (преку договори за дело, работа на проекти) а кој активно учествува и придонесува во создавање услови за унапредување на дејноста за заштита на аудиовизуелните добра, и покажува исклучителни резултати во дејноста за студирање на последипломски студии, се донесе следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА УЧЕСТВО НА ОГЛАС ЗА СТЕКНУВАЊЕ ПРАВО НА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ, ДООБРАЗУВАЊЕ И СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се утрдуваат критериумите за учество на оглас за стекнување право на стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во НУ Кинотека на Република Северна Македонија и лица кои не се редовно вработени во Националната установа Кинотека на Северна Република Македонија, но се ангажирани на друг начин (преку договори за дело, работа на проекти) а кои активно учествуваат и придонесуваат во создавање услови за унапредување на дејноста за заштита на аудиовизуелните добра, и покажуваат исклучителни резултати во дејноста.

### Член 2

Стручното усовршување, дообразување и специјализација на вработените во НУ Кинотека на Македонија и на лицата кои не се редовно вработени е во функција на создавање услови за поуспешно и поквалитетно извршување на работите и работните задачи кои спаѓаат во делокругот на надлежности на установата, како и одржување, односно унапредување на способноста на работникот за работа на работното место на кое е распореден.

## ФОРМИ НА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ, ДООБРАЗУВАЊЕ И СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА

### Член 3

Стручното усовршување, дообразување и специјализација се остваруваат преку .

Интернационален универзитет Еуропа преку следните форми:

- Стручен испит;
- Додипломски студии;
- Последипломски студии;
- Докторски студии; и
- Други форми на усовршување и специјализација.

Член 4

Последипломските студии и докторските студии потребно е да обработуваат и да истражуваат теми од областа на:

- аудио и аудиовизуелните медиумски услуги во целина
- други области што се од значење за остварување на целите, визијата, мисијата и задачите на установата.

ФИНАНСИРАЊЕ НА СТРУЧНОТО УСОВРШУВАЊЕ, ДООБРАЗУВАЊЕ И СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА

Член 5

Стручното усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Кинотеката и на лицата кои не се редовно вработени ќе се финансира од средства предвидени за таа намена во финанскиот план на Интернационален универзитет Еуропа.

Член 6

Стручното усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Кинотеката и на лицата кои не се редовно вработени може да се финансира и делумно од средствата кои ќе му се одобрат на работникот од страна на Кинотеката и делумно од други извори и средства (лични средства, средства од спонзорство, донации и слично).

УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ПОД КОИ СЕ ВРШИ ИЗБОР НА КАНДИДАТ ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ, ДООБРАЗУВАЊЕ И СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА

Член 7

Изборот на кандидат се врши преку интерен оглас кој ќе биде објавен на огласната табла на Кинотеката.

Член 8

Управниот одбор формира трочлена Комисија и еден заменик член, од редот на вработените и директорот, за избор на кандидат за специјализација-усовршување со мандат од 4 години, која по спроведена постапка ќе изврши предлог за избор на кандидат. Извештајот од извршениот предлог за избор, Комисијата ќе го достави до Управниот одбор кој ќе одлучува со конечна одлука за направениот избор на кандидат.

Член 9

Интерниот оглас се објавува на огласната табла на институцијата и истиот ги содржи следните податоци:

- назив на институцијата,
- основ за објавување на огласот,

- број на огласот,
- број на лица-кандидати за кои се обезбедени финансиски средства за усовршување
- информации за начинот и рокот за доставување на пријавата за унапредување,
- напомена дека кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

Член 10

Критериуми кои треба да ги исполнува кандидатот (за редовно вработен) за да се пријави на огласот се:

- Да е во редовен работен однос во Кинотеката најмалку 5 години; и
- Да обавува работи на работното место за кое е потребно перманентно стручно и/или научно усовршување и дообразување, следење на тековните процеси во областа заради здобивање со специјални стручни и продлабочени знаења потребни за поуспешно и поквалитетно извршување на работните задачи.

Критериуми кои треба да ги исполнува кандидатот (лица кои не се редовно вработени) за да се пријави на огласот се:

- кој активно учествува и придонесува во создавање услови за унапредување на дејноста за заштита на аудиовизуелните добра, и покажува исклучителни резултати во дејноста.

- Да обавува работи на работното место за кое е потребно перманентно стручно и/или научно усовршување и дообразување, следење на тековните процеси во областа заради здобивање со специјални стручни и продлабочени знаења потребни за поуспешно и поквалитетно извршување на работните задачи.

Член 11

На вработениот-избраниот кандидат на кој ќе му се одобри формата на стручно усовршување, дообразување и специјализација е должен:

- За додипломски студии кандидатот редовно да ги заверува семестрите. Доколку годишно не поднесува доказ за пријавен семестар, Кинотеката нема обврска да го продолжи субвенционирањето на неговото школување.
- За последипломски студии, по истек на една година кандидатот е должен да донесе потврда за положени испити, а во рок од 1,5 година да донесе доказ за пријавена тема.
- Да остане во работен однос во Кинотеката најмалку три години од денот на завршувањето на студиите (додипломски или последипломски); и
- Роковите наведени во став 1 алинеја 1 и 2 на овој член, започнуваат да течат од денот на запишувањето на додипломските т.е. последипломските односно докторските студии за кои се одобрени и исплатени финансиските средства од Интернационален универзитет Еуропа.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Со стапување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за критериумите за учество на оглас за стекнување право на стручно усовршување, дообразување и специјализација, бр.01-611/1 од 29.09.2020 година.

Управен одбор
Претседател
Томислав Османли

Скопје, 30.8.2025

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Кинотека на
Република Северна Македонија
Institucioni Nacional Kinoteka e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Бр.-Nr. 02-688/4
30.0 20 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 21 алинеја 1 точка 14 од Статутот на НУ Кинотека на Република Северна Македонија (бр.01-634/1 од 26.05.2015 г. Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Националната установа Кинотека на Македонија, бр.02-462/5 од 04.05.2018 год. Одлуката за измена и дополнување на Статутот на НУ Кинотека на Македонија, бр.02-220/3 од 12.03.2019 год. и бр.02-311/3 од 18.04.2022 год.), во согласност со член 77-ј од Законот за култура, Управниот одбор на НУ Кинотека на Република Северна Македонија, на својата седница, одржана на 30.08.2023 година, донесе

О Д Л У К А

1. Се донесува Правилник за критериумите за учество на оглас за стекнување право на стручно усовршување, дообразување и специјализација.

2. Одлуката стапува во сила со донесувањето.

Претседател на Управен одбор,

Томислав Османли